**ПОИМНИК**

**на термините, користени во Општите услови за користење на платежни услуги на УНИБанка АД Скопје, за отворање, водење и работење со платежни сметки**

Овој поимник содржи определени термини кои се користени во Општите услови **за користење на платежни услуги** на УНИБанка АД Скопје, за отворање, водење и работење со платежни сметки, подредени по азбучен ред.

УНИБанка АД Скопје ќе овозможи достапност на овој поимник , на своите клиенти во секое време, вклучително и на лица, кои не се клиенти на банката, преку експозитурите на банката или на интернет страната на банката на адреса www.unibank.mk.

Поимникот се дополнува согласно промената на законската регулатива и развој на продуктите и услугите на УНИБанка АД Скопје.

Поимникот ќе биде достапен и на англиски јазик. При неистоветност или противвречност при преводот, оригиналната верзија на македонски јазик е прифатлива за важечка.

| **Термин** | Дефиниција |
|---|---|
| ***Автентикација*** | Постапка која ѝ овозможува на Банката да го потврди идентитетот на корисникот на платежни усуги или валидното користење на определен платен инструмент, вклучувајќи ја и употребата на неговите кориснички сигурносни обележја. |
| ***Авторизација*** | Постапка со која се проверува дали корисникот на платежни услуги или банката има право да извршува определени дејствија. |
| ***Банкомат*** | Електромеханички уред којшто има овозможува на овластените корисници да повлечат готовина од сметки и/ или им обезбедува пристап кон други услуги |
| ***Бесконтактна чип картичка*** | Платежна картичка, која покрај магнетна лента и чип има вградена антена која овозможува бесконтактно плаќање на уреди и подигање на готовина на уреди кои подржуваат бесконтактна технологија |
| ***Бесконтактна стикер картичка*** | Платежна картичка со лепенка, во која има вградена антена која овозможува бесконтактно плаќање и подигање на готовина на уреди кои подржуваат бесконтактна технологија |

| | |
|---|---|
| ***Блокирана платежна сметка*** | Платежна сметка на корисник на платежни услуги за која има евидентирано нереализиран платен налог за присилна наплата или има ист единствен даночен број, односно матичен број на граѓанинот за физички лица со сметка за која има евидентирано нереализиран платен налог за присилна наплата. |
| ***ББАН“ (англ. BBAN = Basic Bank Account Number*** | Идентификатор за бројот на платежната сметка, којшто недвосмислено идентификува индивидуална платежна сметка со давателот на платежните услуги во Република Северна Македонија и којашто може да се користи само за национални платежни трансакции, додека истата платежна сметка е идентификувана со ИБАН за прекуграничнплатежни трансакции. |
| ***ИБАН (англ. IBAN = International Bank Account Number)*** | Идентификатор за бројот на меѓународната платежна сметка, којшто недвосмислено идентификува индивидуална платежна сметка во Република Северна Македонија, чии елементи се специфицирани од Меѓународната организација за стандардизација (ИСО) (англ. The International Organization for Standardization). |
| ***БИК(англ. BIC = Business identificator code)*** | Деловна идентификациска ознака којашто недвосмислено го идентификува давателот на платежните услуги, чии елементи се специфицирани од ИСО. |
| ***ИСО-стандардот 20022 XML*** | Стандард за составување електронски финансиски пораки како што е дефинирано од ИСО, што опфаќа физичко претставување на платежните трансакции во синтаксата на „XML“, во согласност со деловните правила и водичите за спроведување во земјата или на платежните шеми во СЕПА за платежни трансакции. |
| ***Датум на валута*** | Референтно време кое Банката го користи за пресметување на камата на задолжените или одобрените парични средства на платежната сметка. |
| ***Дебитна картичка*** | Основна или дополнителна картичка поврзана со платежната сметка на носителот на сметката, која Банката ја издава на основниот корисник и на негово барање и овластување на дополнителниот корисник на картичката. Дебитната картичка може да биде бесконтактна чип картичка и бесконтактна стикер картичка. Дебитната картичка на Банката е универзален инструмент за плаќање на стоки и услуги и за подигање на готовина од банкомати на сите места за исплата кои носат знак Mastercard® и Visa® во земјата и странство, како и за депонирање на готовина на платежната сметка во МКД со која е поврзана картичката, на банкоматите на Банката на кои е овозможена оваа услуга.<br><br>За износот на секоја платежна трансакција направена со употреба на дебитнатата картичка, директно и во целост се намалува состојбата на расположливите парични средства на платежната сметка на потрошувачот, во кои е вклучено дозволеното пречекорување. |

| | |
|---|---|
| ***Деловна платежна картичка*** | Платен инструмент заснован на платежна картичка што е издаден на правни лица или субјекти од јавниот сектор или на самостоен вршител на дејност, којшто е ограничен на употреба само за покривање на деловните трошоци, при што за плаќањата извршени со негова употреба се задолжува сметката на правното лице или субјектот од јавниот сектор или на самостоен вршител на дејност на кој е издадена вакавата платежна картичка. |

| | |
|---|---|
| ***Дозволено пречекорување*** | Договор за кредит согласно со кој Банката му става на корисникот на платежни услуги на располагање износ на парични средства што го надминува тековното салдо на парични средства на платежната сметка. |
| ***Документ за присилна наплата*** | Налог за извршување од извршител или друг документ за извршување донесен од надлежен орган согласно со закон, а кои се издадени/донесени врз основа на извршна исправа која е дефинирана во Законот за извршување. |
| ***Единствена идентификациска ознака*** | Комбинација на бројки, букви или симболи која Банката му ја одредува на корисник на платежни услуги и која при извршување на платежна трансакција задолжително се наведува заради негова недвосмислена идентификација или на неговата платежна сметка од страна на друг корисник на платежни услуги. |
| ***Единствен регистар на сметки*** | Национален, централизиран и електронски систем на информации и податоци за денарските и девизните платежни, депозитни или други сметки, вклучувајќи ги и платните инструменти поврзани со нив, за издадените сефови, како и за идентитетот на сопствениците на сметките и сефовите, на вистинските сопственици, на законските застапници и/или лицата што се овластени за работење со истите. |
| ***Електронска платежна трансакција*** | Платежна трансакција иницирана и извршена онлајн ине вклучува платежни трансакцииидадени во хартиена форма или инструкции дадени по пошта или телефон. |
| ***Електронски потпис*** | Подразбира низа на податоци во електронски облик кои се содржани или се логично поврзани со други податоци во електронски облик и е наменет за утврдување на автентичност на податоците и за утврдување на идентитетот на потписникот. |
| ***Електронски сервиси*** | Под електронски сервиси се подразбира користење на онлајн услугите на банката, во кои се вклучени: интернет банкарството и мобилната апликација. |

| | |
|---|---|
| ***Заменски надоместок*** | Надоместок којшто, непосредно или посредно, преку трета страна, се пресметува и плаќа за секоја платежна трансакција заснована на картичка од давателот на платежни сулиги што врши прифаќање на платежни трансакцииво корист на давателот на платежни услуги што го издал платниот инструмент заснован на картичка. Овој надоместок ја вклучува и нето компензацијата или друга слична договорена форма на награда. |
| ***Извод*** | Писмено известување од страна на Банката во кое се евидентирани сите трансакции направени на сметката, вклучително и почетна состојба на сметката како и салдото на сметката по реализираните трансакции. |
| ***Интернет банкарство*** | Интернет банкарство или Виртуелена експозитура-Е-УНИБанка е автоматизиран систем на УНИБанка АД Скопје преку кој имателот на сметката има право на далечински пристап преку интернет адреса https://e-unibanka.mk до услугите понудени од страна на Банката. |
| ***Картична платежна шема*** | Единствен збир на правила, практики, стандарди и/или упатства за извршување на платежни трансакции засновани на картичка, договорени меѓу давателите на платежни услуги, а коишто се одбоени од било каква инфраструктура или платен систем што би ја подржувале нејзината работа и коишто вклучуваат определен орган на одлучување, организација или субјект, што ја носат одговорноста за функционирањето на шемата. |

| | |
|---|---|
| ***Клиринг*** | Пренос,усогласување и во одредени случаи потврдување на трансакциите пред нивното порамнување, кое што може да вклучи нетирање на овие трансакции, и утврдување на конечните состојби за порамнување. |
| ***Корисник на платежни услуги*** | Физичко или правно лице кое користи платежна услуга во својство на плаќач или примач или во двете својства. |
| ***Кредитен трансфер*** | Платежна услуга со која плаќачот дава инструкциина Банката за извршување на платежна трансакција или серија на платежни трансакции со која се одобрува платежната сметка на примачот. Инструкцијата може да биде дадена во денари,во евра или во валута различна од евро. |
| ***Кредитна картичка*** | Основна или дополнителна картичка поврзана со кредитна сметка на носителот на сметката, која Банката ја издава на основниот корисник и на негово барање и овластување на дополнителниот корисник на картичката. Кредитна картичка на Банката е универзален инструмент за плаќање на стоки и услуги и за подигање на готовина од банкомати на сите места за исплата кои носат знак Mastercard® и Visa® во земјата и странство.<br><br>Вкупниот износ на трансакциите извршени со оваа картичка на договорениот датум во целост или делумно се задолжува од платежната сметка на потрошувачот. Давателот на платежните услуги може да пресмета и да наплати камата за искористениот износ, во согласност со договорот за издавање и употреба на кредитна картичка склучен со потрошувачот. |

| | |
|---|---|
| ***Кредитна сметка*** | Сметка која се води во Банката и која ја прикажува состојбата и промената на револвинг кредитот. |
| ***My Unibank*** | Мобилна апликација на Банката преку која имателот на сметката или лица овластени од него имаат право на даличински пристап до системот за електронско банкарство. |
| ***Мобилен уред*** | Вид на пренослив електронски уред кој преку оперативен систем може да користи различни апликации, опремен е со различни видови радиоврски и овозможува поврзување на интернет. |
| **Провизија од Трговец** | Надоместок што Банката што врши прифаќање платежни трансакции го пресметува и наплатува од примачот на плаќањето, а во врска платежни трансакции засновани на картички. |
| ***Надоместок*** | Сите трошоци или казни, доколку се предвидени, што потрошувачот ги платил или треба да ги плати на Банката, за или во врска со услугите поврзани со платежната сметка. |
| ***Налог за пренос*** | Секоја инструкција од учесникот во платниот систем и/или во системот за порамнување со хартии од вредност, да се стави на располагање на примачот на налогот износ на парични средства преку негово евидентирање на сметката на давател на платежни услуги, централна договорна страна или агент за порамнување, или било која друга инструкција што резултира со преземање или подмирување на обврска за плаќање како што е дефинирано со правилата за работење на платниот систем, или инструкција од овластен учесник на пазарот на хартии од вредност за пренос на сопственичко право или интерес во врска со една или повеќе хартии од вредност, преку негово евидентирање на сметка за хартии од вредност во регистар или друг соодветен начин. |

| | |
|---|---|
| ***Неактивна сметка*** | Неактивна сметка е: 1) платежна сметка на потрошувач кај давател на платежниуслуги на која непрекинато во период од најмалку 24 месеци не се извршени одливни платежни трансакции авторизирани од потрошувачот или приливни платежни трансакции, со исклучок на пресметката и плаќање/наплата на камата, и/или било кои други платежни трансакции коишто се извршени во корист на давателот на платежни услуги или во врска со која давателот на платежни услуги немал со потрошувачот или лицата што се овластени за работење со платежната сметка или неговиот законски застапник документирана писмена, електронска и/или снимена телефонска комуникација, или<br>2) депозитна сметка во врска со која давателот на платежните услуги немал со потрошувачот или лицата што се овластени за работење со сметката или неговиот законски застапник документирана писмена, електронска и/или снимена телефонска комуникација, во непрекинат период од најмалку десет години. |
| ***Носител на сметка*** | Лице на чие име е отворена сметката и кое има право да располага со средствата на неа. |

| | |
|---|---|
| ***Обезбедување*** | Меница, жирантство, гаранција, залог, хипотека, полиса за ризико осигурување на живот или друго обезбедување побарано од Банката и доставено од корисник на картичка, кое и овозможува на Банката да ги наплати сите свои побарувања по основ на револвинг кредитот, во случај на нередовно измирување на обврските по истиот од страна на корисникот на картичката и настапување на осигуран настан |
| ***Одржување на платежна сметка*** | Услуга на давателот на платежните услуги за водење платежна сметка која нема статус на неактивна платежна сметка, како би можела истата да се користи од страна на корисникот на платежни услуги за целите на извршување на платежни трансакции. |
| ***Онлајн*** | Можност за поврзување преку јавно достапна комуникациска мрежа, како што е интернет, со цел користење на одредена услуга. |
| ***Ополномоштено лице*** | Лицето кое врз основа на уредно полномошно е овластено и може да ги презема во име и сметка на давателот, само оние работи за кои е овластен. |
| ***Приливна платежна трансакција од странство*** | Приливот на парични средства одстранство или од плаќач нерезидент во земјата во корист на примач кај давател на платежни услуги во земјата; |
| ***Одливна платежна трансакција од странство*** | Одливот на парични средства во странство или во корист на примач нерезидент во земјата по налог на плаќач кај давател на платежни услуги во земјата |
| ***Пакети на услуги*** | Комбинација или збир на повеќе банкарски услуги. |
| ***Пасивна каматна стапка*** | Стапката по која се пресметува и плаќа камата на паричните средства што корисникот на платежни услуги ги чува на неговата платежна сметка. |
| ***ПИН*** | Личен идентификационен број на корисникот картичката, кој служи како идентификационен код што се употребува при користење на банкомат и ПОС. |
| ***Платежен бренд*** | Материјален или дигитален назив, израз, знак, симбол или нивна комбинација со кои е можно да се означи картична платежна шема во рамки на која се извршуваат платежните трансакции засновани на картички. |
| ***Платежна апликација*** | Компјутерски софтвер или еквивалент, ставен и/или вчитан на картичка, мобилен телефон, компјутер или било каков друг технолошки уред, којшто овозможува иницирање платежни трансакции засновани на картички и му овозможува на плаќачот да издава платни налози. |

| | |
|---|---|
| ***Платежна картичка*** | Вид на платен инструмент кој му овозможува на плаќачот да иницира трансакција со дебитна или кредитна картичка и којшто може да се користи од имателот за плаќање на стоки и услуги и/или за повлекување и/или внесување готовина. |
| ***Платежна сметка*** | Сметката којашто ја одржува давател на платежни услуги на<br>име на еден или повеќе корисници на платежни услуги и којашто се користи за извршување на платежни трансакции. |

| | |
|---|---|
| ***Платежна сметка со редовни месечни примања*** | Платежна сметка на која се пренесуваат парични средства за кои согласно Законот за данокот на личен доход е уредено оданочување и плаќање данок на личен доход и за која платежна сметка 19 Управата за јавни приходи на Република Северна Македонија или Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија имаат информации во своите системи. |
| ***Платежна трансакција*** | Внесување, повлекување или пренос на парични средства иницирани од плаќачот или во име на плаќачот или од примачот, независно од обврските кои произлегуваат од односот помеѓу плаќачот и примачот. |
| ***Платежна трансакција заснована на картичка*** | Услуга која се заснова на инфраструктура и правила за работењето на картичната платежна шема заради извршување на платежна трансакција со користење на било која картичка,телекомуникациски, дигитални или информатички уреди, што може да содржат соодветна платежна апликација и која што резултира со извршување трансакција со дебитна картичка или кредитна картичка, освен платежна рансакција врз основа на други видови на платежни услуги. |
| ***Платен инструмент*** | Персонализиран уред(и) и/или збир на постапки договорени помеѓу корисникот на платежни услуги и давателот на платежни услуги и кои се користатза иницирање платен налог. |
| ***Платен налог*** | Секоја инструкција од плаќач или примач до својот давател на платежни услуги со која се бара извршување на платежна трансакција. |
| ***Платен налог за присилна наплата*** | Платен налог од извршител или надлежен орган согласно со закон до давател на платежни услуги со кој се бара извршување на платежна трансакција врз основа на документ за присилна наплата. |
| ***Платен систем*** | Систем за пренос на парични средства заснован на формални и стандардизирани договори и заеднички правила за обработка, клиринг и/или порамнување на налози за пренос помеѓу учесниците во системот. |
| ***Плаќач*** | Физичко лице или правно лице кое има платежна сметка и се согласува за извршување на платен налог од таа сметка или во случај кога не постои платежна сметка, физичко лице или правно лице кое дава платен налог. |
| ***Повлекување готовина*** | Потрошувачот подигнува готовина од неговата платежна сметка. |
| ***ПОС*** | Електронски уред инсталиран кај Трговец преку кој се врши плаќање на производи и услуги со користење на платежна картичка. |
| ***Потрошувач*** | Физичко лице кое склучува договор за платежни услуги согласно со овој закон заради остварување на цели кои не се поврзани со вршењето на неговата дејност или професија. |
| ***Потрошувач со законско престојувалиште*** | Секое физичко лице кое има пријавено живеалиште и/или престојувалиште во Република Северна Македонија согласно со закон, добиена дозвола за привремен или постојан престој согласно со закон, поднесено барање за признавање право на азил согласно со закон или важечки документи издадени од соодветен надлежен орган во Република Северна Македонија, а коишто не содржат податок за постојана адреса на живеење и/или престојувалиште. |

| | |
|---|---|
| ***Прилив од странство*** | Банката прима парични средста со кредитен трансфер од странство, со цел соодветниот износ на парични средства да се пренесе и да му се стави на располагање на потрошувачот. |
| ***Примач*** | Физичко или правно лице за кое се наменети паричните средства кои се предмет на платежната трансакција. |
| ***Работен ден*** | Ден на кој давателот на платежни услуги на плаќачот или давателот на платежни услуги на примачот вклучен во извршување на платежна трансакција е отворен за работа како би се овозможило извршување на платежната трансакција односно период утврден со правилата за работа на платниот систем и системот за порамнување на хартии од вредност кој ги опфаќа сите настани за време на работниот циклус на овие системи, независно во кој период од денот и ноќта се случуваат порамнувањата. |
| ***Работно време*** | Временски интервал во работен ден по кој секој налог за плаќање се сметка дека е примен следниот работен ден. |
| ***Расположливи парични средства за присилна наплата*** | Се сите парични средства на сметките на корисникот на платежни услуги - должник кај давателот на платежни услуги, освен паричните средства на сметките со посебна намена кои се издвоени согласно со закон или пропис донесен врз основа на закон и паричните средства одобрени врз основа на договор за дозволено пречекорување со давателот на платежни услуги. |
| ***Револвинг кредит*** | Вкупен износ на кредитот со автоматско обновување кој Банката го одобрува на корисникот на основната картичка |
| ***Референтен број на трансакција*** | Комбинација од податоци за идентификација на секоја реализирана трансакција со картичка. Референтниот број му овозможува на трговецот да ја идентификува секоја ПОС трансакција. |
| ***Референтен девизен курс*** | Девизен курс кој се користи како основа за пресметување при купување или продавање на странски платежни средства и којшто го става на располагање давателот на платежните услуги или којшто потекнува од јавно достапен извор. |
| ***Референтна каматна стапка*** | Каматна стапка која се користи како основа за секое пресметување на камата и потекнува од јавно достапен извор и која може да биде проверена од двете договорни страни на договорот за платежни услуги. |
| ***СЕПА(SEPA - Single Euro Payments Area)*** | Единствена област за плаќања во евра. |
| ***Сигурносен ризик*** | Ризик што произлегува од несоодветни или слаби интерни процеси или од надворешни настани коишто имаат или можат да имаат негативно влијание врз расположливоста, интегритетот и доверливоста на информациските системи и системите на комуникациска технологија и/или информациите што се користат за давање платежни услуги, вклучувајќи го и ризикот од напади од дигиталниот простор и несоодветната физичка сигурност. |
| ***Тарифа*** | Информативен документ на надоместоци, што Банката ги пресметува и наплатува за услугите што ги врши заедно со сите измени и дополнувања. Документот е достапен во хартиена форма во експозитурите на Банката и во електронска форма на веб страната на банката www.unibank.mk. |

| | |
|---|---|
| ***Траен медиум*** | Секој инструмент кој му овозможува на корисникот на платежни услуги да ги зачува информациите кои се упатени лично до него на начин што овозможува да му бидат достапни во одреден временски период соодветен на целите на нивно користење и што дозволува непроменета репродукција на зачуваните информации. |
| ***Траен налог*** | Инструкција дадена од плаќачот на давателот на платежни услуги којшто ја одржува платежната сметка, за извршување на кредитни трансфери во редовни временски интервали или на однапред утврдени датуми. |
| ***Трговец*** | Секое регистрирано правно лице во Централен регистар на Р.С.Македонија, со седиште на територија на РС Македонија, корисник на ПОС терминал |
| ***УНИ-СМС*** | СМС известувања за авторизации со платежни картички . За услугата може да се аплицира преку експозитурите на банката и преку електронските сервиси на банката. |
| **Чувствителни податоци за плаќања** | Податоци, вклучително и кориснички сигурносни обележја, коишто можат да се употребат за извршување на измама, освен податоците за името на сопственикот, законскиот застапник и/или лицата што се овластени за работење со платежната сметка, како и бројот на платежната сметка при вршење на услугите за иницирање плаќање и услугите за давање информации за платежните сметки |
| ***Закон*** | Означува Законот за платежни услуги и платни системи (ЗПУПС) вклучително и измените и дополнувањата кон истиот како и подзаконските акти кои произлегуваат од истиот. |